## Поглавје 29: Царинска унија

*Сите земји-членки се дел од царинската унија на ЕУ и следат исти царински правила и постапки. Ова бара усогласување на законодавството, соодветен капацитет за спроведување и примена и пристап до заедничките компјутеризирани царински системи.*

Северна Македонија има **добро ниво на подготовеност** во оваа област. Постигнат **е ограничен напредок** во консолидацијата и надградбата на ИТ системите. Царинската управа спроведува целосно бесхартиена околина за обработка на царински декларации и анцизни документи.
Минатогодишните препораки на Комисијатабеа делумно спроведени и главно остануваат да важат. Идната година, Северна Македонија треба особено:
→ да надгради националната компонента на Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) во Фаза 5;
→ да обезбеди редовно усогласување на царинското законодавство со EU *acquis* и да продолжи со консолидација и употреба а своите ИТ системи во согласност со Работната програма за Царинскиот Закон на Унијата и модулите на Повеќегодишниот акциски план (MASP) на Комисијата да обезбеди нивна надградба;
→ да го ратификува Протоколот за елиминирање на нелегална трговија со тутунски производи.

Степенот на усогласеност на **царинското законодавство** со правото на ЕУ е висок, постигнат е напредок во усогласувањето со Комбинираната номенклатура на ЕУ.

Како дел од напорите против измами, се препорачува Северна Македонија да ја зајакне борбата против царински измами, особено шверцот на тутунски производи и во соработка со ОЛАФ, како и да го ратификува Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи, потпишан во 2014 година. Во поглед на **административниот и оперативен капацитет,** воспоставен е сеопфатен разузнавачки систем за поддршка на истрагите и спроведување на законите. Контролите се засноваат на разузнавачка анализа на ризик, информации пред пристигнување и техники на селективност. Систематски се применува управување со ризик со процент на физички контроли (црвен канал) од 5,7% и документарни контроли (жолт канал) со 16,9% од сите пратки во 2023 година. Во 2024 година започна нов проект за зајакнување на управувањето со ризик и воспоставување на царински податочен склад.

Вкупните приходи на царинската управа во 2023 година се за 1% пониски во однос на 2022 година и изнесуваат 1,9 милијарди евра. Договорот за воспоставување контроли на едно застанување со Косово беше ратификуван во декември 2023 година. Се спроведува Стратегија за развој на ИКТ за 2021-2025 година, чија цел да се обезбеди координиран развој и имплементација на националните системи со оние на ЕУ. Работењето на НКТС (фаза 4) во Северна Македонија е задоволително. Надградбата на

националниот систем на НКТС до фаза 5 се соочува со одложувања и останува приоритет за 2024 година. За надминување на ова, неопходно е натамошно градење капацитети и вработување на персонал, особено во областа на ИТ.

Во периодот септември 2023-март 2024 година, Царинската управа учествуваше во седум меѓународни операции. Продолжи соработката и размената на разузнавачки информации со царинските служби од регионот и со меѓународни и регионални организации.